Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Архивски бр. 08-414/10
датум 28-11-2025

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД КРАТОВО

Министерот за правда со решение бр. 08-1464/1 од 30.06.2025 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ“ бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2025 година.

**Комисијата за надзор на ден 17.09.2025 година во 10:35 часот**, согласно Планот за надзор бр. 08-3231/1 го започна надзорот во **Основен суд Кратово** за контролниот период од **2024** до **2025** година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2023 година до 2025 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателот на судот Мирослав Георгиевски, судскиот советник Диме Петрушевски и информатичарот во судот Денис Младеновски.

**Судот во Кратово е целосно функционален основен суд со основна надлежност, кој успешно го совладува приливот на предмети.**

Во судот навремено се почитуваат одредбите за постапување по предметите согласно Судскиот деловник и Законот за управување со движењето на предметите во судовите. Претседателот на судот иако одлично управува со сите процеси и успешно ја организира работата на судот, судот реално се соочува со мал број на вработени, што укажува на индикаторот дека вработените во судот заедно со претседателот на судот даваат максимални напори за да успеат во совладувањето на бројот на предметите. Исто така, Комисијата утврди дека судскиот советник Диме Петрушевски, долгогодишен вработен во судот, придонесува во успешното справување со обемот на работа по предметите.

Комисијата, исто така, констатираше дека претседателот на судот покажа особено стручно познавање и интерес за подобрување на работата и праксата во судовите.

Сепак, и за овој суд се забележуваат проблемите на кои укажа претседателот на судот: На 7 судски службеници кои биле вработени во судот на определено време во март 2025 година им престанал работниот однос во судот, согласно што во


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

наредниот период неодржливо е темпото на работа со намален број на вработени во судот да се реализира решавањето на предмети. Во претходните години се испразнети 10 работни места поради пензионирање и истите не се пополнети.
Во редовен работен однос остануваат само 5 судски полицајци, 1 сметководител, 1 благајник, 1 курир, 1 стручен соработник, 1 информатичар, 1 дактилограф, 2 судски службеници во судска писарница и 1 хигиеничар.
По систематизација предвидени се 54 работни места меѓутоа имајќи во предвид дека ќе се изготвува нова систематизација по новиот Закон за судска служба, оптималната бројка за непречено функционирање на целиот суд е предвидена на 37 работни места. Во моментот потребно е вработување на 9 судски службеници кои што се предвидени по систематизацијата и тоа: Самостоен судски референт - водител на писарница, Судски референт- дактилограф, Судски референт- за прием и експедиција на пошта, Самостоен судски референт – технички секретар на претседателот на судот, Помлад судски соработник, Судски соработник, Помлад судски референт – доставувач, Виш судски референт – архивар и Самостоен референт – Сметководител. Нема вработен возач, благајникот е задолжен и за управување со службеното возило. Судот нема исправно возило за службени потреби.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

### 1. Програма за работа

Програма за работа за 2024 година, заведена под СУ-04.бр.154/23 од 28.12.2023 год.

### 2. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)

Во судот има кривичен и граѓански оддел. Претседателот на судот Мирослав Георгиевски суди по сите предмети освен кривично (полнолетни уписник К), а судијата Ружица Здравковска суди по сите видови предмети. Тројца судии од ОС Куманово се делегираат за КС.

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Во судот постапуваат двајца судии, од кои едниот е претседателот на судот. Исто така, по потреба учествуваат делегирани судии од ОС Куманово за судење во Кривичен совет.
Су. Бр. 04.бр. 152/23 од 28.12.2023 година
Су. Бр. 04.бр. 19/24 од 01.02.2024 година
Су. Бр. 04.бр. 19/24-2 од 05.04.2024 година
Су. Бр. 04.бр. 19/24-3 од 27.05.2024 година

Су бр.04 бр.148/24 од 30.12.2024 година
Су бр.04 бр.17/25 од 11.02.2025 година
Су бр.04 бр.17/25-2 од 18.02.2025 година
Су бр.04 бр.17/25-3 од 01.04.2025 година.

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

План за користење на годишните одмори за 2025 година за судиите, судската полиција и вработените во судската служба СУ-04.бр.61/25-2 од 27.06.2025 година
План за користење на годишните одмори за 2024 година за судиите, судската полиција и вработените во судската служба СУ-04.бр.71/24 од 13.06.2024 година

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Во судот нема формирано оддел за информатика од причина што во судот има само еден информатичар советник, Денис Младеновски со 15 годишно искуство во судот.
**Препорака:** Да се направат напори за унапредување со оглед на неговото работно искуство и посветеноста на работата на информатичарот во овој суд.

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

Има во распоредот за работа определен судија за следење на судска практика.

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Има лице определено за односи со јавноста судски советник Диме Петрушевски.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Во судот нема судски администратор бидејќи е суд со основна надлежност. Сите должности кои ги има судскиот администратор ги извршува судскиот советник Диме Петрушевски. Претседателот на судот донесува годишен распоред за судиите и судската служба.

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2024 и 2025 година.**

СУ.бр.20/24 од 12.04.2024 година
СУ.бр.20/25 од 29.04.2025 година

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Има формално заведени неколку записници, но судиите се во постојана комуникација, од причина што во судот судат само двајца судии.
СУ.бр.29/25 од 03.06.2025 година, СУ.бр.7/25 од 28.02.2025 година

11. **Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници**

Одговор под точка 10.

12. **Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Одговор под точка 10.

13. **Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

СУ-01.бр.12/25 од 27.02.2025 година,
СУ-01.бр.8/24 од 16.02.2024 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

14. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

СУ-01.бр.8/25 од 11.02.2025 година, СУ-01.бр.7/24 од 07.02.2024 година

15. **Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Кратово за 2024 и 2025 година**

СУ-03-38/24 од 02.04.2025 година, СУ-03-38/24-11 од 19.09.2024 година

16. **Надзор над работата на нотарите**

На подрачјето на општина Кратово три години немало определен нотар, во 2023 година бил определен и од тогаш редовно се врши надзор од страна на судот. Записник за извршен надзор СУ-06.бр.1/25 од 15.09.2025 година и СУ-06.бр.1/24 од 12.04.2024 година

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

17. **Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Обуките на вработените судски службеници во врска со АКМИС ги врши информатичарот во судот и тоа по потреба кога има нови вработени или нови модули во АКМИС. Обуки за информатичарот имало минатата 2024 година преку Академијата за судии и јавни обвинители и за тримесечни извештаи преку СС.

18. **Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

На надзорната комисија и беше доставен Список на информатичка опрема со која располага Основен суд Кратово, која во најголем дел ги задоволува потребите за непречено функционирање на работата во судот. Комисијата беше информирана дека заради нормалниот животен циклус на информатичката опрема судот има потреба од пет нови персонални компјутери, пет печатари и еден скенер.



Министерство за правда на
Република Северна Македонија

Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

### 19. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид

Извршен беше увид во списоците за контролниот период и беше констатирано дека уредно се внесуваат списоците и нивните измени и дополнувања како акти во АКМИС системот.
За 2024 година: СУ-01.бр.2/24, од 02.01.2024 година и СУ-01.бр.2/24-5, од 01.02.2024г.
За 2025 година: СУ-01.бр.2/25-2 од 02.01.2025 година, СУ-01.бр.2/25-5 од 11.02.2025 година, СУ-01.бр.2/25-6 од 18.02.2025 година и СУ-01.бр.2/25-7 од 01.04.2025 година

### 20. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)

После извршениот увид, констатирано беше дека постојат внатрешни процедури за привилегии во работата со АКМИС системот.

### 21. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)

Извршен беше увид во АКМИС за календар на дежурства за период од 2023 до 2025 година и беше констатирано дека истите се уредно внесени.
На увид беше даден во хартиена форма - Распоред за дежурства за 2025 година СУ-04.бр.152/24 од 31.12.2024 година и СУ-04.бр.153/23 од 28.12.2023 година

### 22. Скенирање на влезни документи

Се врши скенирање на влезни документи од страна на информатичарот, за да нема застој во функционирањето на приемното одделение во кое нема вработен судски службеник.

### 23. Електронски прием на предмети од страна на судиите

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите.

### 24. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Судски службеник задолжен за АКМИС е информатичарот во судот. На комисијата и беше дадена на увид одлука за судски службеник задолжен за АКМИС заведена под СУ-01.бр.48/24 од 31.12.2024 година .
Автоматската распределба и прераспределба ја прават уписничарите со помош на информатичарот.

**25. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2024 и 2025 година (175 став 5 СД)**

Нема такви одлуки во судот.

**26. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2024 и 2025 година**

Направен беше увид во хартиена форма и во АКМИС системот на Решенија за изземање на судија за период од 2023 - 2025. Констатирано беше дека сите одлуки за изземање на судија се уредно заведени во АКМИС системот. Комисијата направи увид во следните акти одбрани по случаен избор:
СУ-ИЗЗ.бр.1/23 од 13.01.2023 година, СУ-ИЗЗ.бр.2/23 од 21.03.2023 година, СУ-ИЗЗ.бр.3/23 од 15.12.2023 година, СУ-ИЗЗ.бр.1/24 од 03.06.2024 година, СУ-ИЗЗ.бр.2/24 од 08.11.2024 година и СУ-ИЗЗ.бр.1/25 од 27.01.2025 година

**27. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2024 и 2025 год.**

Нема такви одлуки.

**28. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

Беше извршен увид во АКМИС за случајно одбрани предмети за период од 2023 до 2025 година:

- ПРК-С.бр.38/25 - Поднесен и примен на ден 30.01.2025, автоматски распределен на ден 30.01.2025 и примен од страна на судија на ден 31.01.2025 година
- ПРК-Ј.бр.7/24 - Поднесен и примен на ден 27.03.2024, автоматски распределен на ден 27.03.2024 и примен од страна на судија на ден 27.03.2024 година

- ПРК-О.бр.12/23 - Поднесен и примен на ден 24.04.2023, автоматски распределен на ден 24.04.2023 и примен од страна на судија на ден 25.04.2023 година
- К.бр.15/25 - Поднесен и примен на ден 11.04.2025, автоматски распределен на ден 11.04.2025 и примен од страна на судија на ден 11.04.2025 година
- ИКП.бр.3/24 - Поднесен и примен на ден 21.03.2024, автоматски распределен на ден 21.03.2024 и примен од страна на судија на ден 21.03.2024 година
- МАЛВП.бр.16/24 - Поднесен и примен на ден 10.10.2024, автоматски распределен на ден 14.10.2024 и примен од страна на судија на ден 22.10.2024

## 29. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)

На денот на надзорот нема предмети кои чекаат на распределба.
Автоматската распределба се врши секој ден во период од 13:30 до 14 часот.

## 30. Уписници што се водат во хартиена форма

Нема уписници кои се водат во хартиена форма

## 31. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање

Една судница е опремена со опрема за тонско снимање и истата се користи.

## 32. Електронска достава

Се врши електронска достава до адвокати и за 2025 година се извршени достави во 2 предмети, 2024 година во 7 предмети и во 2023 година во 7 предмети.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**33. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2023, 2024 и 2025 година (член 16 СД)**

Су-01.бр.1/24 од 02.01.2024 година
Су-01.бр.47/24 од 31.12.2024 година
СУ-01.бр.1/23 од 03.01.2023 година

**34. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2023, 2024 и 2025 година по предлог на работното тело**

Су-01.бр.2/25-3 од 15.01.2025 година,
Су-01.бр.2/24-3 од 18.01.2024 година,
СУ-01.бр.4/23-2 од 17.01.2023 година

**35. Внатрешни процедури**

Су-01.бр.2/24-2 од 02.01.2024 година
Су-01бр.2/25 од 02.01.2025 година

**36. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Има, редовно се доставуваат Су-01.бр.29/24 од 30.07.2024 година, Су-01.бр.29/25 од 04.08.2025 година

## ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**37. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Преку објавување на новости, месечни и годишни извештаи за работа на веб страната на судот.

**38. Огласна табла на судот**

Има на влезот од зградата на судот.

**39. Простории за судии поротници и за адвокати**

Има определено просторија, но не се користи и во неа се чува информатичка опрема и канцелариски инвентар кој треба да се расходува.

**40. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2023, 2024 и 2025 година.**

Редовно се објавуваат на веб страната на судот.
Во 2023 година се објавени 164 одлуки, во 2024 година се објавени 146 одлуки и во 2025 година се објавени 74 одлуки.
После извршената анонимизација на одлуките од страна на судски службеник и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, се објавуваат на веб страната на судот.

**41. Архива**

Архивата е во релативна уредна состојба. Предметите се групирани и нумерирани по календарски години. Архивата располага со дрвени полици и метални ормари, хигиената е на задоволително ниво.

Увидот заврши на ден 17.10.2025 во 12:30 часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk